**Известување за концентрација со која Норстат АС, Осло, Норвешка ќе стекне контрола врз Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје**

**Република Северна Македонија и Семпл Солушнс Б.В., Ротердам, Холандија**

**(предмет бр. 08-83/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Норстат АС (*Norstat AS*) со регистрирано седиште на адреса Фритјоф Нансенс плас 5 0160 Осло 0301 Осло, Норвешка, има намера да стекне индиректна единствена контрола над Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје со регистрирано седиште Ленинова бр. 21/18, Скопје-Центар, Република Северна Македонија, и Семпл Солушнс Б.В. (*Sample Solutions B.V.*) со регистрирано седиште Халфронд 41, 3071PP Ротердам, Холандија

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Норстат АС** со регистрирано седиште на адреса Фритјоф Нансенс плас 5 0160 Осло 0301 Осло, е европски лидер во собирањето податоци за истражување на пазарот.

Друштвото е основано во Норвешка во 1997 година и го прошири своето географско присуство за да ги вклучи Данска, Шведска, Финска, Естонија, Латвија, Литванија, Полска, Германија, Обединетото Кралство и Ирска, Франција, Швајцарија, Холандија, Австрија и Италија.

Норстат АС обезбедува висококвалитетни податоци преку различни методи на собирање податоци, овозможувајќи им на клиентите да добијат сигурни податоци за посакуваните теми на истражување и целни групи.

Норстат АС ниту е присутно ниту генерира приход во Северна Македонија.

**Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје** со регистрирано седиште на улица Ленинова бр. 21/18, Скопје-Центар, Република Северна Македонија, со главна дејност 63.11 - Обработка на податоци, хостирање и слични дејности.

Друштво за трговија и услуги ДАТА СОЛУШОНС ГРУП ДОО Скопје не нуди услуги и не генерира приходи во Северна Македонија.

**Семпл Солушнс Б.В.** е холандско друштво со регистрирано седиште на улица Халфронд 41, 3071PP Ротердам, Холандија.

Семпл Солушнс Б.В. е снабдувач на податоци и технологија фокусиран на услуги за глобално земање примероци и собирање податоци за истражување на пазарот.

Семпл Солушнс Б.В. им помага на организациите со спроведување анкети (на пр., телефон, онлајн, на адреса), збогатување на податоци и аналитика, овозможувајќи им на истражувачите и маркетерите прецизно и ефикасно да стигнат до својата целна публика.

Семпл Солушнс Б.В. не присутно, не нуди услуги и не генерира приходи во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.05.2025 година

Скопје